Поглавјето Ревизорски наоди ги содржи ревизорските прашања и одговори за поставените цели на ревизијата утврдени во проблематичните подрачја, утврдените состојби како и препораки кои ревизијата ги дава со цел отстранување на причините за констатираните неправилности и состојби. Од извршените прелиминарни истражувања за потребите на ревизијата на успешност на областа Безбедносните аспекти и услови за престој во Установите во Република Македонија, произлегоа повеќе ризични подрачја кон кои ја насочивме нашата ревизија. Со цел да дадеме одговор на повеќе поставени ревизорски прашања кои се однесуваа на областа, со нашата ревизија применивме неопходни ревизорски постапки. Основната ревизорска цел во ревизијата на успешност за Безбедносните аспекти и услови за престој во Установите во Република Македонија е поставена во следното прашање:

**“Дали усогласувањето на националната регулатива со меѓународните стандарди и реформата на затворскиот систем влијаат на подобрување на затворските услови во КПУ и ВПУ- Установите во РМ?“**

Од извршените прелиминарни истражувања произлегоа неколку подрачја од функционирање на активноста, кои се покажаа како ризични и кои понатаму беа подетално предмет на вршење на ревизијата на успешност. Тоа се:

1. **Законската регулатива од областа;**
2. **Затворски услови;**
3. **Ресоцијализација и социјална адаптација**

Како резултат од извршената ревизија, овој извештај е изграден на начин кој ќе ги даде одговорите на прашањата кои се однесуваат на утврдените ризични подрачја и пошироко.
Во рамки на ризичната област која третира прашања од **законската регулатива**, ревизијата имаше за цел да даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани стратешките документи и степен на реализација и показатели за истите, ризици од ненавремено донесување на подзаконски акти и критериуми за програмски документи на Установите во Република Македонија и други.

Во функција на градење на одговори зад поставените прашања, утврдени се следните состојби и дадени се образложенија:

1.1. **Управата за извршување на санкции секоја година изготвува Стратешки план на Управата при што се зема во предвид Стратешкиот план на МП на РМ со цел обезбедување на конзистентност меѓу приоритетите и целите на МП на РМ и приоритетите и целите утврдени од страна на Владата на РМ и тоа за секоја година од периодот 2008-2012, но не се зема во предвид дека при изготвувањето на Стратешките**

**планови на УИС по години се применува истиот основ - Анализа на состојбите во Управата и во КПУ и ВПУ во РМ усвоена од Владата на РМ во март 2007 година. Од 2007 година до периодот на извршување на ревизијата, Анализа на состојбите во Управата и во КПУ и ВПУ во РМ повторно не е направена.**
**Оваа состојба укажува на отсуство на конзистентност помеѓу стратешките приоритети и цели на Управата со реалните состојби и потреби во сите Установи кои детално би се утврдиле доколку се спроведе Анализа, но исто така влијае и на следливост на постигнатите резултати од имплементација на Стратешките планови на Управата.**

Управата за извршување на санкции за прв пат изготвила Стратешки план за периодот 2008-2010 како среднорочен развоен документ со цел обезбедување континуитет на досегашните реформски процеси во областа за извршување на санкциите. Стратешкиот план се изготвува во континуитет за годините 2008, 2009, 2010, 2011 година при што основ за изготвување на истиот е документот - Анализа на состојбите во Управата и во КПУ И ВПУ во РМ, изготвен од Управата а усвоен од Владата на РМ во март 2007. Врз основа на споменатата Анализа на состојбите во 2007 година изготвена е детална студија и Програма со финансиска конструкција за реновирање и проширување на КПУ во РМ во периодот 2008-2010 со точно утврдени износи на средства. Во април 2007 година Владата на РМ ја усвоила предложената програма и го задолжила МФ на РМ да обезбеди средства што во наредниот период ќе создадат услови за обезбедување на меѓународните стандарди за издржување на казната затвор и мерка притвор. Од одговорните лица во Управата не добивме образложение зошто во активностите на Управата не е предвидено секоја година да се врши Анализа на состојбите во Управата и во КПУ И ВПУ во РМ како релевантен документ и основ за изготвување на Стратешките планови на Управата.

**Препорака**

Управата за извршување на санкции пред изготвување на Стратешкиот план, секоја година да превземе активности за спроведување на Анализа на состојбите во Управата и во КПУ и ВПУ во РМ, со параметри кои доследно ќе значат основ за утврдување на стратешки приоритети и цели на Управата и предвидените резултати и показатели на успешност содржани во планот.

**1.2. Подзаконската регулатива предвидена со Законот за извршување на санкции[1] од 2006 година не е донесена во рокот утврден во преодните и завршни одредби на истиот, односно подзаконските акти се донесувани во период од 2006-2010 година**.

Законската регулатива која ја дефинира областа извршување на санкции датира од 2006 година, а донесување на подзаконските акти[2] започнува од 2007 година кога се изготвени 9 (девет) и тоа: 4 - правилници, 2 упатства, 2 програми и 1 кодекс за однесување на службените лица во извршувањето на работните задачи. Во 2008 година од акти донесени се 4 (четири) – 3 правилници и 1 решение. Во 2009 година изготвени се 2 (два) од кои 1 правилник и 1 прирачник, додека во 2010 година само 1 (еден) правилник. Ненавременото донесување на подзаконските акти, односно долг временски период до нивно донесување се состојби кои влијаат на функционирање на Установите. Отсуството на прецизирани одредби во законската регулатива, односно отсуство на подзаконски акти за истите има влијание врз извршување на основните функции на секој од секторите во состав на Установите. Во вакви услови, Установите работат согласно предходно донесените подзаконски акти кои не се усогласени со новата законска регулатива. Од образложенијата кои ги добивме од одговорни лица во Управата, во тек на 2010 година извршено е значително подобрување на легислативата со која се регулира извршувањето на санкциите и изработени се подзаконски акти, упатства за постапување во КПУ и ВПУ со цел поедноставување на начинот на извршување на работните активности. Истите до период на завршување на ревизијата се донесени и започната е нивна примена.

**1.3. Установите во РМ по наредба на органот што води кривична постапка вршат спроводи на обвинети лица, при што трошоците за извршување на спроводите остануваат на товар на установата. Во законската регулатива во РМ, спроводите како и трошоците на кривична постапка во рамки на кои се предвидени и трошоците за превоз при спроводите, се дефинирани во два закона но од различни аспекти кое резултира со невоедначен пристап на Установите во постапките за добивање на надомест на трошоци на кривична постапка.**

Во законската регулатива во РМ, спроводите, односно нивното извршување и трошоци по истите се дефинирани во два закона но од

---

[1] Извор на податоци: Закон за извршување на санкции –Сл. весник на РМ бр.02/06 и Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите бр. 57/2010 год.
[2] Извор на податоци: Преглед на подзаконски акти за период 2007 - 2011 година изготвени од УИС.

различни аспекти и тоа во Законот за извршување на санкции и Закон за кривична постапка. Имено, според Законот за извршување на санкции член 69, средствата за работа на установите и Управата се состојат покрај другите и од: средства за спроведување на осудените и притворените лица до надлежен орган, односно за упатување на осудени лица во установата и при отпуштање од установата. Од друга страна, во Законот за кривична постапка член 89, предвидени се трошоци на кривична постапка во кои покрај другите, опфатени се и превозни трошоци на обвинетиот како и превозни и патни трошоци на службените лица и други трошоци. Трошоците согласно овој закон се исплатуваат однапред од средствата на органот што ја води кривичната постапка, а се наплатуваат подоцна од лицата кои се должни да ги надоместат според одредбите на истиот закон. Од овие причини произлегува дека според еден закон спроводите и трошоците за нивното извршување треба да бидат надоместени од средствата за работа на КПУ, додека од друга страна според Законот за кривична постапка направените трошоци за превоз на обвинетиот и превозни и патни трошоци за спроводот и другите трошоци однапред ќе бидат платени од средства на органот што ја води кривичната постапка, односно дека Установите имаат право на надомест на трошоците за спровод од надлежниот орган. Со увид во документацијата на установите, утврдивме дека постои невоедначен пристап на установите во постапките за добивање на надомест на трошоци на кривична постапка и тоа:

- Установи кои изготвуваат трошковници со превозни трошоци на обвинетиот и превозни и патни трошоци на службените лица и други трошоци при што не фактурираат извршени спроводи до надлежен орган за нивна наплата поради обврска за плаќање на ДДВ при фактурирање –Битола, Прилеп од 12.2010, Штип;
- Установи кои не изготвуваат трошковници со предвидените трошоци, ниту пак доставуваат фактури до надлежен орган за нивна наплата– КПД Идризово, Затвор Скопје .
- Установи кои изготвуваат трошковници и фактури (Прилеп) или само фактури (Тетово) за превозни трошоци на обвинетиот и превозни и патни трошоци на службените лица и други трошоци и истите ги доставуваат до надлежен орган за нивна наплата. Затвор Прилеп доставувал фактури до надлежен орган за извршен спровод во периодот од јуни 2009 до ноември 2010 кога поради обврски за плаќање на ДДВ престанува со воспоставената пракса на фактурирање на трошоците за спроводи.

**Препораки**

Со цел да даде придонес со вршење на ревизијата и прикажаните состојби, во функција на подобрување и унапредување на состојбите утврдени кај ризичните подрачја, ревизијата ги дава следните препораки кои се наброени според посочените ризични подрачја:

МП на РМ во соработка со УИС како и Судовите да иницира усогласување на одредби од регулативата - Законот за извршување на санкции член 69 и Закон за кривична постапка член 102, со што јасно ќе ги дефинираат одредбите во кои се предвидени трошоци на кривична постапка, како и надоместоците за трошоци на кривична постапка за извршени спроводи, а се со цел насочување на Установите за извршување на споменатата активност и преземање на активности за надомест на трошоците за спровод.

Исто така, Управата за извршување на санкции во координација со Установите да иницираат и преземат активности за воспоставување на единствени пишани процедури со цел дефинирање на процесот на евидентирање на трошоците за спровод до нивна наплата, односно добивање надомест за извршени спроводи. Воспоставувањето на единствени процедури ќе значи и воедначен пристап на сите Установи вклучени во оваа активност.

Во рамки на ризичната област која третира прашања од **затворски услови**, ревизијата имаше за цел да даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани безбедносните мерки и активности, сместувачките капацитети здравствена заштита и исхрана во установите во РМ, кадровската екипираност и финансирање на установите,
Во функција на градење на одговори зад поставените прашања, утврдени се следните состојби и дадени се образложенија:

**2.1 Со ревизијата утврдивме дека безбедносните аспекти, односно спроведување на безбедносните мерки и активности во Установите во најголема мерка зависат од кадровската екипираност на Секторите за обезбедување во установите како и техничките решенија –опрема за видео надзор и друга опрема за следење со која истите се опремени. Со оглед на тоа што кадровската екипираност на установите е образложена во ова исто поглавје - Ревизорски наоди во точките 2.2., 2.3., 2.4., во продолжение ги посочуваме состојбите од безбедносните мерки, за опрема за видео надзор и друга опрема за следење при што најзначајни утврдени слабости се следните:**

- Специфично креирани критериуми, планови, анализи и оценка на потреби за опрема за видео надзор и друга неопходна опрема за следење и откривање, значајна за безбедносните аспекти во Установите по број, вид и намена, на централно ниво – Управа и ниво на Установи не се направени;
- Распределбата на средства за набавка на опрема за видео надзор и друга опрема за установите, Управата ја врши според доставени писмени барања од установите, при што во отсуство на своја анализа/критериум, Управата не може реално да утврди приоритети во распределба на средствата за споменатата опрема;
- Кај одредени установи (Штип и Битола, КПД Идризово) не е уреден начинот на одржување на видео опремата и друга опрема за следење во услови на поголеми дефекти поради недоволно расположливи средства. Оваа состојба ја доведува во прашање функционалноста на опремата и ефектите од располагање со истата особено во следните Установи:

  - Во КПД Штип поради постоење на голем дефект а недоволно средства за нивно отстранување опремата за видео надзор во функција е само 60% од вкупната расположлива опрема;

  - Во Затвор Битола, од истата причина има фиксирана опрема за надворешна прегледност која не е надвор од функција но не ја врши функцијата во целост, истото се однесува и на опрема во ходниците на затворот;

  -Во КПД Идризово опремата за видео надзор и друга опрема, со години наназад се одржува од страна на лице вработено во КПД Идризово. Истото лице според решение за работа е распоредено во одделение за вршење на спроводи, а е со усмено задолжение да врши одржување на споменатата опрема иако нема соодветни квалификации за вршење на работни задачи за одржување на овој тип на опрема. Според одговорни лица од КПД задачата за одржување на опремата му е доверена на вработеното лице од една страна поради безбедносни причини и заштита на податоци за состојби со опремата, а од друга страна поради познавање на работите во одржување на опремата. За ревизијата останува отворено прашањето дали постои безбедносен аспект кога за голем обем на работа е задолжено едно лице, особено што станува збор за КПД Идризово во кој се сместени повеќе од 60% од затворската популација и што оваа Установа располага со најбројна опрема за видео надзор и друга опрема. Исто така напоменуваме дека од расположливата опрема во функција е 59% од истата што упатува на постоење на ризик од недоволна покриеност на објектите со опрема за надзор.

Сите гореспоменати состојби кај Установите го доведуваат во прашање степенот на безбедноста во КПУ како и подготвеноста/неподготвеноста на Секторот за обезбедување да функционира во услови на дефекти на опремата за видео надзор од причина што истата придонесува за побрзо, поефикасно и веродостојно следење на случувањата во објектите како и превземање на мерки за интервенција, поедноставување на работата на Секторот за обезбедување, видео снимките придонесуваат за забрзување на процесот за донесување на одлуки за дисциплински казни за осудените лица но и за вработените во установите и др.

**2.2 Со ревизијата утврдивме воспоставена пракса на вработување на лица постари од 25 години што дава можност од пополнување на работните места за кои се бара поголема динамичност, кондициона и физичка способност со постари лица кои во целост не ќе можат да одговорат на поставените задачи.**

Со увид во начинот и постапката на вработување односно пополнување на планираните работни места во установите за годините предмет на ревизијата констатирано е дека дел на лицата кои се вработени во секторот за обезбедување, за работни места Помлади надзорници приправници, се постари од 25 години. Оваа пракса на вработување е констатирана кај скоро сите установи но со различна динамика, а со најголем интензитет во КПД Идризово каде и бројката на приемот на нови лица приправници за ревидираниот период е најголема. Од доставената документација на ревизијата од КПД Идризово од 100 новопримени помлади надзорници приправници, 41 лице се постари од 25 години. Ваквата постапка на вработување не е во согласност со член 58 од Законот за извршување на санкциите во кој јасно е прецизирано дека за приправник во одделението за обезбедување работен однос може да основа лице кое не е постаро од 25 години.

**Препорака**

Одговорните лица на КПУ и КПД да преземат активности и мерки вработувањата на нови човечки ресурси да бидат согласно дефинираните законски одредби.

**2.3 Недоволната кадровска екипираност како и недоволното разграничување на должностите предизвикува ризик од неможност за квалитетно и навремено извршување на активностите, а со тоа е отежнато и функционирањето на установите во целина.**

Во делот на екипираноста на установите со потребните човечки ресурси согласно изготвените Акти за систематизација на работните места

ревизијата ја констатира следнава состојба: Управата за извршување на санкции, КПУ и КПД се соочуваат со проблемот на недоволна екипираност со потребен кадар. Од добиените податоци утврдено е дека потреба од дополнителни човечки ресурси се јавува речиси во сите сектори. Секторот за обезбедување според состојба на систематизирани и пополнети работни места во КПУ и КПД на 31.12.2010 е пополнет со 54% во однос на вкупно планираните човечки ресурси, ресоцијализацијата со 48%, секторот за здравствена заштита со 25% а извршно управниот финансиски сектор со 50% Како резултат на кадровската неекипираност идентификувани се состојби кои вклучуваат поделби на должностите на начин на кој се дозволува едно службено лице во исто време да извршува повеќе работни активности.

**Препорака**

Раководните лица во КПУ и КПД да преземат активности во насока на доекипирање на своите установи со вработување на потребниот број на лица но да се води грижа истите да бидат со соодветно образование и способност за да одговорат на работните задачи согласно мандатот на установите.

2.4 **Со увид на изготвените интерни акти за систематизација на работните места во делот на прецизно дефинирање на посебните услови (вид на образование), ревизијата ја констатира следнава состојба: Установите кои беа опфатени со ревизијата имаат јасно прецизирани посебни услови (вид на образование) за секое систематизирано работно место по сектори освен во Казнено поправниот дом Идризово и КПУ Затвор – Скопје за секторите за обезбедување и ресоцијализација кои се неопходни за вршење на работните активности. Непостоење на јасно прецизирани посебни услови за систематизираните работни места во горе наведените сектори создава ризик од прием на кадар кој нема да биде квалификуван да одговори на специфичниот карактер и природа на работни активности тесно поврзан со основната дејност на установите.**

Управата за извршување на санкциите одобрила Правилник за систематизација на работните места за КПД Идризово со отворено одделение Велес број 1529/1 од 09.12.2010 година и Правилник за систематизација на работните места во КПУ Затвор Скопје број 01-1521 од 13.12.2010 година за кои е дадена и писмена согласност од Агенцијата за администрација. При анализа на изготвените акти детектирани се состојби на дефинирање на посебни услови за работните места по сектори и тоа по следниот редослед.

За КПД Идризово во секторот за ресоцијализација за работните места, психолог, социјален работник, педагог, воспитувачи, и воспитувач -

наставник во делот на посебните услови потребен вид на образование што треба да се исполни ставени се општествени, природно или техничко технолошки науки. Со самото тоа што Ресоцијализацијата преставува основна функција на казнено поправната установа, која се организира заради остварување на воспитни процеси, и оспособувањето на осудените лица вакво дефинирање на посебните услови повлекува и слабости од вработување на некомпетентен и непрофесионален кадар.

Во Секторот за обезбедување за систематизираните работните места Раководител на сектор, Помошник раководител на сектор, Советник за вршење на надворешно и внатрешно обезбедување - Командир, Виши соработници за обезбедување, во делот на видот на потребното образование ставени се општествено, природни, техничко - технолошки науки или воена академија. Во КПУ Скопје со изготвениот акт за систематизација во секторот за обезбедување за горе наведените работни места во делот на видот на потребното образование ставени се Факултет од природни, општествени, или технички науки. Со самото тоа што Секторот за обезбедување преставува еден од најзначајните сектори во овие установи кој се организира заради обезбедување на установата и безбедноста на осудените лица овој сектор треба да биде пополнет со квалификуван кадар од областа на безбедноста.

2.5 **КПУ немаат извршено трансформација на стопанските единици, што не е во согласност со членовите 71 - 75 од Законот за извршување на санкции. Стопанските единици во сите казнено поправни установи (освен во затворите Прилеп и Струмица) функционираат како посебни правни субјекти кои се формирани од Владата на РМ или Советот на општините. Непочитувањето на законските одредби има за ефект, стопанските единици и КПУ да бидат застапувани од ист законски застапник што доведува до преклопување на неговите одговорности и надлежности, а целокупното работење на стопанските единици да се одвива преку сметки во деловните банки, за кои МФ, сектор Трезор не е во можност да врши контрола на сите приливи и одливи на средствата.**

Со Законот за извршување на санкции[3] е предвидено стопанските единици во прометот да настапуваат во име и за сметка на установата, без својство на правно лице, а приходите што ги остваруваат да се уплатуваат на трезорска сметка, посебна сметка за самофинансирачки активности.

За изнаоѓање на соодветни решенија, Управата за извршување на санкции извршила одредени консултации со одговорните лица на КПУ како и со

[3] Извор на податоци: членови 71-75 од Законот за извршување на санкции (Сл.весник бр.2/2006 и 57/2010)

стручни лица од областа на стечајот од Министерството за економија. На почетокот на 2011 година одржан е состанок на кои присуствувале претставници од МЕ, директорите на КПУ и претставниците од стопанските единици, а од страна на претставниците на МЕ биле предложени неколку начини за трансформација на стопанските единици. Како заклучок од одржаниот состанок произлегла потребата, директорите на КПУ да направат проценка на состојбата на стопанските единици и согласно упатствата дадени на состанокот да предложат модел за трансформација на стопанските единици и да го достават до Управата за извршување на санкциите.

До денот на ревизијата, КПУ немаат преземено активности за надминување на овој проблем, а некои од нив немаат доставено ни целосна документација за проценка на состојбата и имотот на СЕ ниту пак предложено соодветен модел за трансформација.

**Препорака**

Одговорните лица на КПУ во соработка со надлежните институции (УИС, и основачите на стопанските единици) да ги преземат сите потребни активности во насока на изнаоѓање соодветен и прифатлив модел, начин на трансформација на стопанските единици.

**2.6 Ревизијата констатира одредени слабости во начинот на утврдување на надоместоците за работно ангажирање на осудените лица внатре и надвор од установите и слабости во начинот на прецизирање на одредбите од склучените договори со кои осудените лица работно се ангажираат надвор од установата.**

- Министерството за правда има донесено Правилник за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица како и за лицата кои без своја вина не работат[4] каде се пропишани само општите критериуми за определување на висината на надоместокот. Со извршениот увид во приложената документација за утврдување на надоместоците на осудените лица кои се работно ангажирани во установите констатиравме дека секоја КПУ без критериуми ја утврдува висината на надоместокот, која за ист вид работно ангажирање е различна во секоја КПУ и истата се движи во просек од 300 - 1.500 денари месечен надоместок. Исто така и висината на надоместокот на осудените лица кои се работно ангажирани надвор од установата,

[4] Извор на податоци: член 2 од Правилникот за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица како и за лицата кои без своја вина не работат (Сл.весник бр.123/2007)

кај други правни субјекти е утврдена без критериуми за видот на работата, стручноста за тој вид на работа и ангажираноста во работата, поради што надоместокот за извршената работа не се менува во однос на различните видови на работно ангажирање на осуденото лице. Недостатокот од дефинирање на попрецизни и унифицирани критериуми за стручноста, видот, количеството и квалитетот на извршената работа создава ризик од необјективно определување на висината на надоместокот за соодветниот вид на работа со што се доведува во прашање реалното валоризирање на трудот;

- Управата за извршување на санкции има донесено Упатство за условите под кои осуденото лице може да биде работно ангажирано надвор од установата[5] каде се пропишани општи и прецизни одредби кои треба да бидат содржани во договорите за работно ангажирање на осудените лица кај други правни субјекти, склучени помеѓу КПУ како давател на услугата и правниот субјект како корисник на услугата. Со извршениот увид во склучените договори констатиравме дека во најголем дел од нив не се јасно дефинирани видот на работата и работните задачи кои треба да се извршуваат од страна на осуденото лице и како такви не даваат прецизни информации за тоа кои работни активности ќе ги извршува осуденото лице, што не е во согласност со член 6 од Упатството за условите по кои осуденото лице може да биде работно ангажирано надвор од установата.

**Препораки**

Одговорните лица во УИС да преземат активности за изготвување на Упатство каде ќе бидат утврдени детални критериуми со кои ќе се утврдува надоместокот за работното ангажирање на осудените лица внатре и надвор од установите.

При склучување на договорите за работно ангажирање на осудените лица, КПУ покрај општите да вклучат и попрецизни одредби кои се однесуваат на детален опис на работните задачи на осуденото лице, периодот и местото на нивно извршување и др. согласно новото Упатство за условите, начинот и постапката за работно ангажирање на осудено лице надвор од установата.

### 2.7 УИС нема воспоставено процедура ниту утврдено прецизни критериуми во однос на начинот на распределба на средствата од Програмите за

[55] Извор на податоци: Член 6 од Упатството за условите под кои осуденото лице може да биде работно ангажирано надвор од установата (бр. 07 – 640/1 од 19.05.2007 година)

**финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на КПУ и ВПУ за годините 2008, 2009, 2010 и 2011 година, што не дава доволно уверување во објективниот избор на приоритетните инвестициони активности.**

УИС иако има донесено Упатства за распределба на буџетските средства на КПУ од потпрограмата 3А - Изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на КПУ и ВПУ, за 2010 и 2011 година, нема воспоставено процедура преку која ќе се утврдуваат приоритетите и ќе се врши распределба на средствата. Поради тоа што не добивме соодветни и компетентни ревизорски докази за начинот на кој е извршен изборот на инвестициони работи за годините предмет на ревизија, ревизијата констатира дека ваквата распределба на средства без воспоставена процедура преку која стручни лица со однапред утврдени критериуми ќе вршат правилен избор на видот и местото на капиталните инвестиции, во голема мера го зголемува ризикот од фаворизирање на одделни КПУ во однос на други.

Во периодот од 2008 до 2011 година, за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на КПУ потрошени се буџетски средства во вкупен износ од 156.866 илјади денари. Најголем дел од средствата се искористени за Затвор Скопје 31,27%, Затвор Куманово 29,69%, КПД Идризово 20,34% и КПД Штип 8,36%, а инвестирањето во останатите затвори е минимално, односно незначително.




*Ревизорска екипа:* *Овластен државен ревизор*

1. ______ 5. ______
2. ______ 6. ______
3. ______ 7. ______
4. ______ 8. ______

**Препорака**

Директорот на УИС да воспостави соодветна процедура со однапред јасно дефинирани критериуми преку која ќе се врши изборот на капиталните инвестиции.

2.8 Со извршени увиди на лице место во установите во РМ, утврдивме пренатрупаност на казнено - поправните установи. Во Република Македонија, според податоците на Управата на 31.12.2008 година вкупниот број на затвореници во сите казнено - поправни установи изнесува 2101 осудени лица, додека сместувачките капацитети се предвидени за 1632 осудени лица, односно 469 осудени лица престојувале повеќе од она што го дозволуваат сместувачктие капацитети на казнено - поправните установи. Во установите на 31.12.2009 година бројот на затвореници се зголемува на 2253 при исти сместувачки капацитети за 1632 осудени лица. Одттука произлегува дека во казено-поправните установи престојувале 621 осудени лица повеќе од предвиденото. Во 2010 година бројот на осудени лица во установите изнесувал 2198, при проширен обем на сместувачките капацитети за 1869 осудени лица, односно во установите престојувале 329 осудени лица повеќе од предвиденото.

Пренатрупаноста најмногу изразена е во КПД Идризово каде сместувачките капацитети на крајот на 2010 година од предвидени 912 осудени лица, во затворот казната ја издржувале 1239 односно 327 осудени лица повеќе.

Со увидите на сместувачките капацитети во установите и нивната пренатрупаност утврдивме дека оваа состојба е проследена со нехигиена, недостиг од приватност, повеќе насилство меѓу затворениците и преоптоварени здравствени служби.

**Препорака**

Надлежните лица да извршат подобрување на просторните капацитети за сместување на осудените лица и реализација на започнатите инвестициски активности на УИС со доследна примена на стандардите кои обезбедуваат хумани и пристојни услови за живеење и работа на оваа категорија лица лишени од слобода, имајќи ги во предвид нормативите за сместување согласно здравствените и хигиенските потреби како и климатските услови.

2.9 Согласно Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор секој субјект од јавниот сектор треба да утврди пишани процедури за важните активности[6]. Во секторите/одделенијата за здравствена заштита во

[6] Извор на податоци: Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор (Сл.весниик на РМ бр. 147/10);

установите не се изработени стандардизирани процедури за процесот на здравствена заштита: при прием и отпуст на осудените и притворените лица, пристап до лекар, начинот на дистрибуција на лековите и терапијата, лекување во институции надвор од установата, постапка за евидентирање на случаи на насилство во установата, лекарскиот преглед и надзор во тек на издржување на дисциплинската казна упатување во самица. Во отсуство на пишани процедури и упатства постои ризик од несоодветна здравствена заштита во установите.

**2.10** Согласно член 10 Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции (Сл.весник на РМ бр. 103/08) Министерството за здравство на РМ овластува здравствена установа која што во Република Македонија ќе врши дијагностика и терапија на лица кои злоупотребуваат или се зависни од дрога или психотропна супстанција и што се ХИВ позитивни или се болни од СИДА. При вршење на ревизијата утврдивме дека, освен КПД Идризово[7], сите други КПУ кои беа посетени во тек на ревизијата, немаат овластување од Министерството за здравство на РМ за издавање на метадонска терапија на осудените и притворените лица –зависници. Во Затвор Битола со Решение бр. 16-449 од 29.11.2011 година од Државниот санитарен и здравствен инспекторат им се забранува издавање на наркотика/метадонска терапија, поради не поседување одобрение за давање на овој вид на здравствени услуги.

**2.11** Согласно член 124 став 2 и 3 од ЗИС како и Европските затворски правила осудените лица имаат право на здравствена заштита како и обезбедување на потребна медицинска помош и болничко лекување според општите прописи[8]. Со ревизијата ги утврдивме следните состојби:

- Во Затвор Тетово услугата на здравствена заштита се врши во просторија која истовремено е наменета за канцеларија за благајничко работење. Просторијата е мала и не ги исполнува условите за вршење на функцијата на здравствена заштита. Лековите не се чуваат во соодветни услови. Просторијата не е опремена со основните медицински помагала (легло, работна маса, помошна просторија). Здравствената заштита заради несоодветните услови се врши во одделението за прием на осудени лица.

7 Извор на податоци: Решение бр. 09-3422/1 од 27.03.2006 год. издадено од Министерство за здравство на РМ за вршење на специјалистичко - консултативна дејност - превенција и третман на злоупотреба на дроги во рамките на Одделението кое врши здравствена заштита на лицата кои издржуваат казна затвор во Установата.

8 Извор на податоци: Правилник за поблиските просторни услови, опремата и кадрите за основање и работење на здравствените организации (Сл.весник бр. 11/92);

- Во Затвор Прилеп просторијата е прилагодена за вршење на здравствени прегледи, односно не ги исполнува условите за вршење на функцијата здравствена заштита во смисла број на легла, подна површина, помошна просторија и др.

**2.12** Согласно член 124 став 3 и член 126 од ЗИС како и Европските затворски правила на осудените врз основа на наод од лекар се упатуваат во соодветната здравствена установа. Во текот на 2010 година ЈЗУ Борка Талески - Прилеп без образложение два пати одбила да врши хируршки интервенции врз пациенти – осуденици кои со упат од општиот лекар на затворот биле упатени на болничко лекување. Во двата случаја хируршките интервенции биле извршени во здравствени установи од другите градови. Од страна на установата побарано е образложение од ЈЗУ за причината за горенаведената состојба за што од ЈЗУ не е добиен одговор за истото.

**2.13** Во КПД Идризово поради недостаток на медицински персонал утврдивме дека терапијата на лекови не се дава секојдневно на болните осудени лица, туку се дава неделно при што постои ризик од злоупотреба на лекови. На 05.12.2011 година три осудени лица во знак на револт испиле повеќедневна терапија на лекови при што биле однесени на Клиника за Токсикологија каде се задржани за понатамошно лекување. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите за право на здравствена заштита на осудените лица од ЗИС.

**2.14** Во КПД Идризово не се обезбедени услови за престој на осудени лица кои се душевно болни, односно истите не се одвоени од другите осудени лица. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите од ЗИС член 126 и 127 и Европските затворски правила според кои осудените лица кои боледуваат од душевни растројства што можат да го попречат вклопувањето во средината по наод и упат на лекарот се сместуваат во посебни простории на установата.

**2.15** Согласно ЗИС член 108 и Европските затворски правила сите простории во затворот мора секогаш да се одржуваат чисти како и да се одржува личната хигиена на осудените лица:

- Хигиената во кујна, трпезарија и подот на просторијата каде се консумира храна не беше на соодветно ниво во Затвор Прилеп, Затвор Битола и Затвор Скопје;
- Во просториите на КПД Идризово хигиената не е во согласност со условите пропишани според општите прописи за хигиена;
- Во КПД Идризово во состав на Здравствената станица функционира и стационар каде се лекуваат осудените лица кои се хронично болни, зависници од високи дози на метадон,

дијабетичари и болни од хепатит Ц. Во овој стационар просториите се нечисти, тоалетите не функционираат односно не се исполнети ни елементарните услови за хигиена;

- Во Одделението за клиничко лекување на осудени и притворени лица - Арестанско одделение тоалетите делумно функционираат и хигиената не е во согласност со условите пропишани според општите прописи за хигиена .
- Во Затвор Тетово осудените лица не се во можност да ја одржуваат личната хигиена поради тоа што во секое време не им е обезбедена вода.

**2.16** Согласно член 4 од Правилникот за нормативите за подготвување на храна на осудените лица се подготвува мени за храна на осудените лица која важи за 15 дена. Менито го одобрува директорот на установата, а го составува комисија составена од: лекар или друг здравствен работник, готвач, претставник од осудените лица и вработениот кој ја врши набавката на храна. Со ревизијата ги утврдивме следните состојби:

- Во Затвор Битола, КПД Штип, Затвор Скопје и КПД Идризово во комисијата не учествува претставник од осудените лица за да врши избор на храната која ќе се служи 15 дена;
- Во Затвор Скопје при увидот извршен при делење на оброци утврдивме дека не се придржуваат доследно до менито за распоред на храна;
- Во КПД Идризово и покрај тоа што има трпезарија храната се распределува по затворски простории што не е во согласност со член 20 од Куќниот ред на КПД Идризово според кој се забранува носење на храна од трпезаријата во просториите за престој или други простории.
- Согласно интерниот акт на КПД Идризово, односно правилник за систематизација, за кујната не е предвиден број на лица кои ќе бидат ангажирани за работа во кујна. Со увидот направен во просториите на кујната утврдивме дека се ангажирани вкупно 6 лица (3 вработени и 3 осудени лица). Овој податок спореден со број на осудени лица 1.280 упатува на заклучокот дека има недоволен број на лица ангажирани за работа во кујна.
- Во Затвор Тетово на осудените лица не им се остварува правото за обезбедување на здрава вода за пиење во секое време што не е во согласност со член 110 од ЗИС според кој на осудените лица во секое време им се обезбедува здрава вода за пиење. Причините за споменатата состојба се рестрикциите на вода во град Тетово или технички пречки кои со години не се отстранети.

Во рамки на ризичната област која третира прашања од **ресоцијализација и социјална адаптација**, ревизијата имаше за цел да даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани со стандардизирани процедури за постапување со осудени лица, стандардизирани редовни програми за третман на осудени лица, образовниот процес во установите, организирани посебни форми за стручно оспособување на осудените лица (курсеви, семинари и др. видови стручно оспособување со практична работа), спортски активности, рекреација и други слободни активности значајни за телесно и душевно здравје, спортски активности - составен дел на програмата за третман и оспособување на осуденото лице, обезбедени услови за задоволување на верските потреби, утврдени стандарди за постапување со лицата кои издржале казна затвор и дали стручните лица од Центрите за социјална работа, постапуваат по истите и др.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за ефектите од спроведување на процесот на ресоцијализација и социјална рехабилитација на осудениците. Имајќи предвид дека бројните анализи спроведени од домашните и меѓународни институции во делот на затворскиот систем укажуваат на загрижувачка стапка на повторници во казнено поправните установи во РМ (44% во 2010 година) се доведува во прашање ефикасноста на системот за извршување на санкции во смисла дали со истиот се остварува основната цел – ресоцијализација и социјална адаптација.
Утврдените состојби во оваа област ги споредивме со критериумите наведени во законските и подзаконските акти кои ја регулираат истата, а се наведени во делот на основни податоци.
Со извршениот увид во установите во Скопје, Идризово, Тетово, Штип, Битола Прилеп, Велес и Охрид, ревизијата го констатира следното:

**3.1 Во најголем дел условите во затворите се неадекватни и нестимулативни.**

Во отсуство на соодветни сместувачки капацитети, простории за работа и за настава, спортски игралишта и слично, кај осудените лица се предизвикува чувство на пасивност и неспособност да ја преземат сопствената одговорност, со што се доведува во прашање почитувањето на основните начела дефинирани во Европските затворски правила:

- Животот во затвор треба да е што е можно поприближен кон позитивните аспекти на животот во заедницата.
- Сите затвори треба да бидат уредени така да овозможуваат реинтеграција во слободното општество на лицата лишени во слобода.

**3.2 Во секторите за ресоцијализација речиси во сите установи недостасува стручен персонал и соодветни системски обуки, а во последната измена на**

**актот за систематизација од 2011 година, во КПД Идризово нема посебни услови – вид на образование.**

Имено, вкупно во Секторот за ресоцијализација во сите затвори во РМ, вработени се 62 лица и покрај предвидените 107 со актот за систематизација. Во КПД Идризово утврдено е отсуството на опис на посебни услови – вид на образование за психолозите, педагозите и социјалните работници во актот за систематизација, како и отсуство на системски обуки за персоналот во голема мера го усложнува проблемот со стручен кадар којшто треба да спроведе соодветни програми за третман на осудените лица. Исто така, недостатокот на стручни лица и на системски обуки наметнува, постојниот персонал да се потпира врз сопственото искуство и предрасуди, а поради ограничена комуникација со осудениците отсуствува вистинска социјална контрола и се отежнува спроведувањето на редовните, како и воведувањето на посебните програми во согласност со потребите на осудените лица.

Во функција на надминување на наведената состојба и воспоставување на ефикасен систем на стручно усовршување на затворскиот персонал, во текот на 2011 година, Управата за извршување санкции извршила проверка на знаењата на сите вработените и го утврдила степенот на познавање на законската регулатива, како и степенот на стручно знаење, класифицирајќи ги вработените во почетна, средна и напредна група. Од Анализата на резултатите од проверката на знаењата на сите вработени во КПУ и ВПУ, ревизијата констатира дека скоро половина т.е. 46,1% од вработените од секторите за ресоцијализација од сите затвори, врз основа на освоените бодови, имаат потреба од почетни обуки поради ниско ниво на стручно познавање и познавање на законската регулатива, 35, 4% имаат потреба од обуки на повисоко ниво, а за 18,5% од вработените од овој сектор, покрај обуките за задржување на напредното ниво треба да се обучат за примена на нови современи начини и методи за извршување на овие специфични работни задачи.

**Препорака**

Ревизијата укажува на потребата, УИС како и установите целосно да го почитуваат основното начело утврдено во Европските затворски правила, кое се однесува на персоналот:

- Затворскиот персонал врши важна јавна функција и неговиот избор, обука и услови за работа, треба да му обезбедат одржување на високи стандарди во грижата за затворениците.

Исто така, во однос на стручниот персонал, во Европските затворски правила е дефинирано следното:

- Стручниот затворски персонал има статус на јавен (државен) службеник и се вработува во постојан работен однос, во зависност од доброто однесување, ефикасноста во работењето, добро физичко и психичко здравје и соодветно стручно образование. Платите за стручниот затворски персонал треба да привлекуваат и одржуваат соодветен стручен кадар, а бенефициите и условите за работен однос да ја одразат потребната природа на работата.

**3.3 Во секоја установа се води различна постапка за прием во зависност од профилот на стручните лица кои ја исполнуваат оваа задача, со примена на неразработени критериуми и нестандардизирани методи за дијагноза и прогноза на осудените лица.**

Имено, постапката за прием кај установите ја врши стручен тим, кој често пати не е во полн состав и е со ист или различен профил. Така, во недостиг на психолог, педагог или социјален работник, согледувањата за осуденото лице се непотполни. Многу често постапката за прием и отпуст на осудени лица ја вршат воспитувачите, кои покрај воспитната работа, што е многу значајна за осудениците, треба да ги извршуваат и овие дополнителни обврски. Во вакви околности, постапката при прием е насочена кон воспоставување ред во текот на казната, наместо кон дефинирање рамка за рехабилитација кон која треба да се ориентираат осудените лица. Прибраните податоци при прием на осудените лица не се доволни за изготвување на план на казната, чија цел е вклопување на лицата лишени од слобода во добро структуирана развојна рамка, со што се отежнува прогресирањето во соодветната фаза. Во Европските затворски правила истакната е потребата за целосно организирање и прилагодување на постапката за прием кон остварување на целта на затворањето односно кон одговорен живот без криминал. Ревизијата се информира дека стандардизираните процедури за постапување при прием[9] се изработени во согласност со барањата на ЕУ стандардите во 2010 година, а имплементацијата на истите се планира да започне во јануари 2012 година.

**Препорака**

Управата да преземе активности во насока на подобрување на ефикасноста и ефективноста во работењето, а при тоа да се искористат добрите пракси и

[9] -Упатство за постапување со осудени лица при прием
-Промени во содржината на стручното досие
-Стандардизиран образец – план на казна
- Стандардизирани обрасци за проценка на ризикот на осудени лица и Упатство за примена на Инструментот.

постојните човечки ресурси, и како поцелисходно решение да формира единствен опсервационен центар, каде што ќе се обезбеди интердисциплинарен пристап на прибирање податоци од повеќе научни области: (социјална работа, педагогија, психологија, медицина, криминалистика, криминологија, пенологија и сл.), и ќе се овозможи согледување на сите елементи на личноста кои го одредиле криминалното поведение, (услови на воспитување, формирање на личноста, школување, работа т.е. сите активности спроведени во животот) и утврдување на факторите кои довеле до такво однесување.

3.4 **Од аспект на спроведувањето на редовните програми, ревизијата констатира мал број на работно ангажирани осудени лица, недостаток на курсеви за обука по занимања, не спроведување на поголем дел на програмите за образование а слободните активности се реализираат во зависност од степенот на ангажираност на лицата кои работат со осудениците.**

Од статистичките податоци со кои располага Управата, ревизијата утврди:

- во 2008 година имало вкупно 2.101 осудени лица, од кои 275 биле работно ангажирани надвор од установата;
- Во 2009 година од вкупно 2.253 осудени лица, 580 биле ангажирани внатре во установата, а 257 надвор од КПУ;
- Во 2010 година од вкупно 2.198 осудени лица, 1.026 биле работно ангажирани внатре во установата, а 146 надвор од КПУ.

Од Анализата на состојбата на образовниот процес во КПУ и ВПУ, како и со увид на лице место во ревидираните затвори, ревизијата утврди дека освен во КПД Идризово, во останатите установи образовниот процес е прекинат т.е. не се одвива, поради тоа што Министерството за образование не ја исполнува законската обврска да го организира и финансира образованието на осудените лица. Исто така, ревизијата констатира многу мал интерес за до образување кај осудените лица. Така од вкупно 2.168 осудени лица, за образование се заинтересирале 335 или 15%.

Од страна на стручни инструктори се спроведува практична обука главно за земјоделска, сточарска дејност и копаничарство, работа во кујна и перална, а при анкетирање, осудените лица покажале интерес за следните занимања: автомеханичари, машински и сообракајни техничари, електричари, одржувачи на парно, тапетари, бравари, ѕидари, фасадери, молери, столари, угостители, шивачи, пекари, готвачи и сл.

Спроведувањето слободни активности се разликува од една до друга установа, поради различни услови, како и во зависност од степенот на ангажираност на лицата кои работат со осудениците.

**Препорака**

Одговорните лица од установите да преземат активности за третманот и редовните програми да се насочат кон развивање на позитивните особини со кои располага личноста, со цел проширување на знаењата, подигање на свеста, промена на сфаќањата за вредностите и ставовите спрема себе и општеството, позитивно идентификување, развивање на социјални црти, промена на навики и склоности, оспособување за заеднички живот во установата, поттикнување кон самостојно решавање на сопствените проблеми и што е најважно оспособување за успешна интеграција и живот на слобода.

Да се обезбедат услови за целосно спроведување на редовните програми, со цел осуденичкиот ден да се исполни со квалитетна содржина, а на осудените лица да им се овозможи потребно ниво на човечка и социјална комуникација. При тоа ревизијата укажува на потребата да се имаат предвид Европските затворски правила во кои е дефинирано:

- Секој затвор треба да настојува на сите затвореници да им обезбеди пристап до образовните програми, водејќи сметка да се задоволат нивните индивидуалните потреби.
- Работата во затвор има позитивен аспект и треба колку што е можно да ги одржува или зголемува способностите на затворениците да заработуваат за живот по пуштањето на слобода и никогаш не смее да се користи како казна.
- Секој затвореник треба да има можност и услови за физичка активност и рекреација.

### 3.5 Условите кои постојат во затворските установи во РМ доведуваат до мешањето на затворениците од различни возрасти како и на затвореници со различни дела, односно, мешање на зависници, сторители на сексуални деликти, насилни сторители, како и помлади сторители со повратници.

Ваквиот начин на сместување придонесува за ширење на негативните појави, кои во голема мера се присутни во затворите. Ова го усложнува и отежнува процесот на ресоцијализација, дотолку повеќе и поради фактот што не се формирани третмански групи, а подготвените специфични програми за третман на различни целни групи се уште не се во примена.

Во Европските затворски правила се препорачува при сместување на затворениците во одреден затвор да се води сметка и да нема мешање на затворениците (помлади сторители со повратници, неосудувани од осудени, т.е. повторници и сл.).

**Препорака**

Ревизијата укажува на потребата, установите во рамките на сегашните можности и сместувачки капацитети да извршат подвојување на осудениците. Ова треба неопходно да биде земено во предвид при изградба на новите сместувачки капацитети.

**3.6 Поддршката на осудениците по отпустот не е на потребното ниво.**

Поради отсуство на системска подготовка за отпуст насочена кон личните и објективни потреби за помош, за продолжување на третманот, како и отсуство на институционална соработка помеѓу установите и социјалните центри, ревизијата не се увери дека поддршката на осудените лица по отпустот е на потребното ниво. Ова дотолку повеќе, имајќи го предвид фактот дека околу 45% од затворениците се повторници.

Во Законот за извршување на санкции е содржана одредба со која се дефинира заштитата на психофизичкиот и моралниот интегритет на осуденото лице по извршувањето на казната затвор, како и обезбедувањето на личната сигурност и самопочитување. Ревизијата констатира дека во КПУ редовно се подготвуваат заклучни извештаи во кои е содржана оцената за остварениот степен на ресоцијализација на осуденото лице и препорака каков вид помош му е неопходна на осуденото лице по отпуштањето. Овие извештаи понатаму се доставуваат до МВР и центарот за социјални работи според местото на живеалиштето на отпуштеното лице, како и до судијата за извршување санкции. Од извршениот увид во центрите за социјална работа во Штип и Битола, ревизијата утврди дека центрите освен еднократна парична помош не се во можност да им помогнат на отпуштените лица на друг начин.

**Препорака**

Да се зајакне институционалната соработка помеѓу установите и центрите за социјална работа, со цел отпуштените лица успешно да се вклучат во животот на слобода.

**3.7 Критериумите за предвремено отпуштање утврдени со општ акт од директорот на Управата, не се почитуваат секогаш во целост.**

Со увид во личните досиеа на осудените лица, ревизијата констатира дека критериумите за предвремено отпуштање кои директорот на Управата ги утврдил со општ акт, не се почитуваат секогаш во целост, поради тоа што во одредени ситуации директор на установа донесува одлука за отпуштање и покрај негативно мислење на воспитачот на осуденото лице.

**Препорака**

Одговорните лица на установите да донесуваат одлука за предвремено отпуштање на осудените лица во согласност со општиот акт на директорот на Управата за извршување санкции.

**Утврдена состојба**

1. Во програмите за работа на Секторите за обезбедување, предвидени се програмските активности за истите но установите не се во можност целосно да ги спроведуваат - да организираат и спроведат боеви гаѓања од причина што: Установите не располагаат со доволно средства за нивна организација, не располагаат со соодветна муниција или не располагаат со доволно муниција. (Затвор Битола, Затвор Скопје).

2. Со увид во документација на установите особено Програмите за работа на Секторите за обезбедување како и резултатите по однос на реализирани активности по истите, ги посочуваме недостатоците кои се присутни во секојдневните работење на Секторот за обезбедувањето и тоа:
   - Установите имаат недоволен број на возила за вршење на спровод, а возилата со кои располагаат се стари, некои од нив датираат од 1995 година и постои ризик од дефекти при самите спроводи, при што се доведува во прашање безбедноста на самиот спровод;
   - Недоволен број на униформи за вработените и новопримените во Секторот за обезбедување за зимски услови а посебно за летни униформи кои во некои од установите не се набавени од 2007 год.
   - Установите не располагаат доволно со друга опрема (елеци, палки, лисици и сл.)
   - Не располагаат со доволно опрема за видео надзор, особено за ноќно следење на околината на установата и др.
   - Правилниците за куќен ред на осудени лица на установите не е усогласен со измените во Законот за извршување на санкции, односно сеуште е во примена стариот правилник за куќен ред на осудени лица од 2007 година. Нов правилник за куќен ред за осудени лица, е во фаза на донесување и ќе биде единствен за сите установи.

3. Во периодот 2008-2010 година, не се вршело оценка на психофизичките способности на лицето кое се прима за вршење работи во Секторот за обезбедување од страна на стручна комисија, врз основа на претходен телесен преглед и спроведен тест според посебна програма од причина што стручната комисија иако во одредбите на Законот за извршување на санкции од 2006 година, е предвидено да функционира, до завршување на ревизијата истата не е именувана од страна на Управата. Од одговорните

лица во Управата не добивме образложение зошто истата досега не е именувана и формирана. Оваа состојба упатува на постоење ризик од вработувања на лица кои не се оценети за нивните психофизички способности со што се доведува во прашање степенот на безбедност во установите и нивното функционирање во целост.

4. Во одредбите на Законот за извршување на санкции од 2006 година предвидено е формирање на Државна комисија за вршење на надзор во КПУ и ВПУ во РМ, но истата не е формирана до месец август 2011 година. Државната комисија има за цел повремени посети на установите за примена на законот и други прописи и правила за извршување на санкции, третман на осудени лица, услови во кои живеат и работат. Државната комисија еднаш годишно треба да ја известува Владата на РМ и јавноста за состојбите утврдени во установите.

5. Согласно приложените табели во кои е извршена анализа на податоците КПД Идризово за потрошени средства за храна и затворенички денови при што утврдивме дека има зголемување на трошоците за неподмирени обврски период 2008-2010 (табела 1) како и опаѓање на трошоците за потрошената храна /затворенички ден од 71 на 56 денари (табела 2). Според анализата утврдивме намалување на потрошени средства за храна за затворенички ден што упатува на констатација на намалување на квалитетот и разновидноста на храната која се дели на осудените лица.

**Табела 1**

**Храна**

| Години | Платено | Должи | Неподморени обврски |
|---|---|---|---|
| до 06/12/2011 | 17.953.492,00 | 25.642.881,00 | -7.689.389,00 |
| 2010 | 20.196.274,00 | 26.128.644,00 | -5.932.370,00 |
| 2009 | 20.222.665,00 | 24.135.342,00 | -3.912.677,00 |
| 2008 | 34.146.641,00 | 34.224.516,00 | -77.875,00 |

**Табела 2**

| Години | Потрошени средства за храна | Затворенички денови | Потрошена храна/затворенички ден |
|---|---|---|---|
| 2008 | 34.224.516,00 | 478.882 | 71 ден. |
| 2009 | 24.135.342,00 | 481.800 | 50 ден. |
| 2010 | 26.128.644,00 | 465.961 | 56 ден. |
| до 06.12.2011 | 25.642.881,00 | 459.249 | 56 ден. |

6. Во текот на 2010 година извршени се измени во Законот за државни службеници со кои вработените во Управата за извршување на санкциите, КПУ, И КПД преминаа во категорија на државни службеници. Аналогно на тоа во согласност со расположливиот капацитет од човечки ресурси за управата и установите беа изготвени нови Акти за внатрешна организација и систематизација на работни места. Од причина што установите располагаат со кадар со завршен 3 степен средно образование, а дел од нив се со поголем стаж на работно искуство истите согласно одредбите од Законот за државни службеници беа систематизирани во категорија - референти каде условот е завршен 4 степен средно образование. Ваква категорија на вработени се среќаваат речиси во сите установи но со најголем број во КПУ Идризово. Кај дел од ревидираните установи констатирана е состојба да лицата превземаат активности за нивна доквалификација а дел доставиле и потврда за завршен 4 степен стручна подготовка. Во насока на почитување на одредбите од Законот за државни службеници од една страна а со цел задржување на постојниот кадар од друга страна треба да се продолжи со активна политика на доквалификација на оваа категорија на вработени.

7. Финансирањето на казнено – поправните установи како единки корисници од втора линија е обезбедено во рамките на буџетот на Управата за извршување на санкции од раздел 07002 од буџетот на РМ, преку програмите 30 – Казнено поправни установи, 3А – Изградба, реконструкција и опремување на КПУ и 3Б – Реформи на КПУ.

   Распределбата на средствата од програмата 30 – Казнено поправни установи се врши според Упатствата[10] за распределба на буџетски средства по единки корисници (КПУ и ВПУ).

   Од извршената анализа на одобрените буџетски средства од Програмата 30 - Казнено - поправни установи (средствата за плати, наемнини и надоместоци се исклучени) се забележува дека истите во 2009 година се намалени за 37% во однос на 2008 година, а тој тренд продолжува и наредните 2010 и 2011 година.

   Аналогно на оваа состојба и цената на еден затворенички ден бележи опаѓање и тоа од 254 денари во 2008 година, се намалува на 142 денари во 2011 година.

   Заради обавувањето на своите основни функции од една страна и недостигот на финансиски средства од друга страна, КПУ не се во можност да ги подмират тековните обврски што имплицира нивно зголемување од година во година односно од 4.276 илјади денари во 2008 година, обврските

[10] Извор на податоци: Упатство за распределба на буџетски средства по единки корисници (КПУ и ВПУ) од раздел 07002 сметка 637 програма 30 – Казнено поправни установи за 2010 година и 2011 година (бр.1773/1 од 31.12.2009 и 05-1649/1 од 31.12.2010 година.

на КПУ достигнуваат до 120.372 илјади денари во 2011 година.




* Платите, наемнините и надоместоците се исклучени од вкупните буџетски средства по Програмата 30

8. Со Законот за извршување санкции содржани се одредби со кои се уредува извршувањето на алтернативни мерки. При тоа, дефинирано е алтернативните мерки да бидат во надлежност на центрите за социјална работа, во кои треба да се формираат одделенија составени од стручни лица со дозвола за извршување алтернативни мерки издадена од Управата за извршување санкции. Алтернативните мерки се извршуваат по правосилноста на судска одлука со која се изречени.

   Со увид во документацијата на Управата ревизијата констатира дека донесени се сите подзаконски акти со кои се регулира извршувањето на овие мерки, а за вршење општо корисна работа, склучени се меморандуми со 5 јавни претпријатија и градот Скопје и спроведени се обуки на вработените во јавните претпријатија. За овие активности УИС го известила Основниот суд Скопје 1- Скопје. Но поради сложената процедура, како и инволвираноста на повеќе органи, особено на центрите за социјална работа на кои им се наметнува извршување казнени мерки, ревизијата констатира дека недостасува практична примена на алтернативните мерки. Судовите изрекуваат само условна осуда и судска опомена, бидејќи тоа не предизвикува дополнителен ангажман на органите вклучени во извршувањето на истите.

   Од статистичките податоци со кои располага УИС Ревизијата го констатира следното:

   - бројот на осудени лица од година во година се зголемува (2.101

осудени лица во 2008 година – 2.198 во 2010 година);
- сместени се 2.198 осуденици, во сместувачки капацитети за 1.869 лица, т.е. 327 повеќе;
- 2.905 неизвршени судски пресуди на крајот од 2010 година;
- на 54% од осудените лица во 2010 година изречени им се кратки казни до 2 години;
- ограничени буџетски средства за покривање на трошоците за еден осуденички ден (осуденички ден во 2008 година чини 254 денари, а во 2011 година – 142 денари).

Ревизијата укажува на потребата од поголема примена на алтернативните мерки со цел од една страна да се намалат негативните ефекти од пренатрупаноста на затворите (нехигиена, недостиг на приватност, намалени активности надвор од затворските простории, зголемена тензија, појава на насилство), а од друга страна заедницата да има активна улога во спроведувањето на санкцијата, да се развива чувството на само одговорност и самосвест кај сторителот на кривично дело, да се дава втора шанса на лицата кои прв пат сториле кривично дело, со еден збор да се хуманизира казнувањето.

Исто така, примената на алтернативните мерки ќе се придонесе кон зголемување на економично ефикасно и ефективно работење на установите.